Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

## Извадок на дел дневните настани 28.01.2022

На 27.01.2022 околу 20.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода А.Р.(18) од с.Јурумлери, скопско и М.Х.(18) од Скопје, затоа што одзеле повеќе предмети од продажен објект во трговски центар на ул.„Кирил и Методиј". Предметите биле пронајдени и вратени на сопственикот. Тие биле приведени во полициска станица и со нив бил извршен службен разговор. За случајот бил запознаен Јавен обвинител и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена пријава по член 235 од Кривичниот законик.

На 27.01.2022 во 20.25 часот, полициски службеници од СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје, затоа што околу 19.30 часот, со употреба на сила, одзел пари од аптека на бул.„Кузман Јосифовски Питу". Кај него биле пронајдени парите и биле вратени на сопственикот. Во службен разговор во полициска станица, во присуство на претставник од Центар за социјални работи, тој го признал делото. За случајот бил запознаен Јавен обвинител, а по него целосно документирање против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.01.2022 околу 11.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 25-годишниот тетовец Б.Б, во чиј дом, при претрес извршен со судска наредба, биле пронајдени марихуана и куршум за ловечко оружје. Се расчистува и документира случајот, по што против Б.Б. ќе следува соодветен поднесок.

На 27.01.2022 во 20.35 часот во парк-шума Гази Баба во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.К.(36) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Полициски службеници на СВР Тетово на 27 јануари од 8 до 12 часот, спроведе акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници, пред се автобуси и комбиња.При контролата, откриени и санкционирани се 11 технички неисправни возила (ТЕ-5 и ГВ-6), од кои 6 возила (ТЕ-4 и ГВ-2) имале неисправни сопирачки, 3 (ГВ) биле со неизвршен технички преглед, 1 (ТЕ) со неисправен уред и 1 возило (ГВ) не поседувало потребна опрема. Во контролата, исто така, биле констатирани и 17 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-11 и ГВ-6) кои, исто така, биле закоржени со поднесоци и кои ќе се соочат со адекватни парични глоби.

На 27.12.2021 на ул.„Рашанец" во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода А.С.(19) од Битола. При преглед кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.01.2022 на ул.„Прилепски бранители" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода С.Д.(48) од Прилеп, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.01.2022 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници санкционираа возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 9 прекршоци, од кои 5 надвор од населено место и 4 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден, спроведена е акциска контрола на возачи кои не почитуваат правилата на минување на пешаци. Притоа биле откриени и санкционирани 2 прекршоци. Санкционирани биле и 28 други видови на прекршоци, од кои 12 за управување возило без возачка дозвола, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 3 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон и 11 за непропишано паркирање.

На 27.01.2022 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле констатирани и санкционирани 26 прекршоци.

На 27.01.2022 полициски службеници на СВР Велес спроведоа акциска контрола на возачи кои не почитуваат правилата на минување на пешаци. Притоа, биле констатирани и санкционирани 16 прекршоци. Засилените акциски контроли продолжуваат и во наредните денови.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (27.01.2022) спроведе засилена акциска контрола за санкционирање на возачите кои не ги почитуваат пешачите на пешачки премин односно не ги почитуваат обврските како возачи. Санкционирани се 173 возачи, од кои 104 на територија на Скопје, 26 на територија на СВР Тетово, 16 на територија на СВР Велес... При акциската контрола санкционирани се и 134 друг вид на сообраќајни прекршоци.

На 27.01.2022 во 15.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на сервисна улица од ул.„Јужноморавски бригади", патничко возило „шкода октавија", со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Н.(27) од Скопје, удрило во Б.Б.(74) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила В.Б., констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Полициски службеници на СВР Тетово на 27 јануари од 14 до 17 часот, презеле вкупно 26 мерки (ТЕ-22 и ГВ-4) против возачи кои не им дале предност, односно правилата на пешаци.Во рамките на овие активности биле откриени и санкционирани и 7 други видови сообраќајни прекршоци, кои биле закоржени со соодветни поднесоци и кои ќе се соочат со законски предвидените парични глоби.

На 27.01.2022 во 22.15 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на магистралниот пат Гостивар – Кичево, во близина на Новоселски гробишта, патничко возило „шкода октавија", со ресенски регистарски ознаки, управувано од Г.К.(31) од Ресен, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот Д.И.(30) од с.Стење, ресенско, констатирани во Медицинскиот центар во Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Гостивар.

На 28.01.2022 во 06.05 часот во Полициската станица Валандово било пријавено дека на регионален пат Р 1401 Валандово-Струмица патничко моторно возило „ауди", со скопски регистарски ознаки, излетало надвор од коловозот, а во него се превезувале 9 лица – мигранти од Сирија. Еден од мигрантите се здобил со телесни повреди, констатирани во Медицински центар Гевгелија, а увид извршила екипа на Полициска станица Валандово. Мигрантите се пренесени во Прифатен центар „Винојуг" Гевгелија, а СВР Струмица презема мерки за пронаоѓање на возачот на возилото, кој го напуштил местото на настанот.

На 27.01.2022 во 10.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, Д.Т.(63) од Скопје пријавил дека на ул.„Христо Татарчев" бил каснат од куче скитник.

По текот на вчерашниот ден (27.01.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе зајакната акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 101 возач. Од нив, две возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 42 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 59 надвор од населено место.

На 27.01.2022 полициски службеници од Полициската станица Штип ги лишиле од слобода Т.И.(21) од с.Подареш, радовишко, Д.И.(20) и Т.Н.(22), двајцата од с.Иљево, радовишко. Во 22.45 часот на ул. „Широк дол" во Штип тие биле затекати при вршење тешка кражба во обид во патничко моторно возило „опел астра". На местото биле пронајдени и одземени предмети поврзани со кривичното дело. Се работи на целосно комплетирање на случајот, по што против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против И.М.(28) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба на 22.01.2021, полициските службеници пронајдоа и одседоа марихуана.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ј.А.(62), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправна градба". Пријавената, на катастарска парцела во с.Пештани, без да поседува правосилно одобрение за градење издадено од надлежен државен орган и спротивно на другите одредби од Законот за градење, изградила објект за домување. При инспекциски надзор извршен на 05.01.2022, овластен градежен инспектор при општина Охрид, донел решение за отстранување на градбата.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Н.Д.(35) и И.Ј.(65), двајцата од Кичево. При сообраќајни контроли извршени на 14.01.2022 и 20.01.2022 на ул.„Гоце Делчев" во Кичево, полициските службеници ги затекнале пријавените при вршење јавен такси превоз на патници без да поседуваат соодветни лиценци за вршење превоз на патници, како и извод од лиценци за возило, издадени од надлежен државен орган.

На 27.01.2022 околу 21.20 часот, полициски службеници од СВР Велес го приведе С.Б. (40) од Велес, затоа што околу 20.00 часот на ул.„Димитар Влахов" во Велес со метален предмет го нападнал Д.А.(20) од Велес, по што оштетил и патничко возило „бмв" со велешки регистарски ознаки, сопственост на К.М. од Велес. С.Б. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.01.2022 во 20.10 часот во СВР Скопје, С.Т.(21) од Скопје пријавил дека околу 14.00 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од две лица кои ги познавал од претходно. Се работи на расчистување на случајот.

На 27.01.2022 во 18.00 часот во СВР Скопје, Б.Р.(34) од Скопје пријавил дека околу 14.15 часот во кругот на фабрика, каде работел како чувар, бил физички нападнат од едно машко и едно женско лице. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.Ќ.(45) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 24.12.2021 на ул. „Маршал Тито" во Тетово, полициски службеници извршиле контрола во возило „форд", кое го управувал пријавениот, при што биле затекнати неколку лица и било констатирано дека тој врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Виница поднесе кривична пријава против К.Д.(21) с.Грдовци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 31.12.2021 во станот на неговата поранешна девојка, по претходна расправија физички ја нападнал со тврд предмет.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ф.Б.(42) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 30.12.2021 на регионалниот пат Гостивар - с.Градец, полициски службеници извршиле контрола на возило „land rover transit", кое било обележано како такси превозник, при што било констатирано дека не поседува соодветна документација - лиценца издадена од соодветна институција.

На 27.01.2022 во 20.30 часот на регионалниот пат с.Витолиште-Прилеп, атар на с.Дуње, полициски службеници од Полициската станица за Граничен надзор Старавина запреле патничко возило „ауди А3", со скопски регистарски ознаки, управувано од А.К.(38) од Република Грција, во кое совозач беше Л.М.(28) од Полска. При преглед во возилото била пронајдена опрема за која немале соодветна документација. Двајцата биле приведени и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи поднесе кривична пријава против О.И.(65) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пустошење на шума". Пријавениот, во текот на април 2021, без одобрение за сеча, извршил сечење на 20 стебла даб. На 27.04.2021, полициски службеници од Полициското одделение Галате ги пронашле дрвата без жиг, како и една моторна пила.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет